Република Македонија
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА



# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА
2017-2019 година

# ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА 2017-2019

## 1.1. ВОВЕД

Поаѓајќи од утврдените стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година, Министерството за правда како орган на државната управа надлежен за развивање на политиките, изготвување и предлагање на закони и други прописи од обласа на правосудството, како и вршење надзор над спроведувањето на прописите во областите за кои е надлежен, изготви стратешки план на Министерството за правда за периодот 2017-2019.

Стратешкиот план на Министерството за правда претставува континуирано продолжување на реформските процеси во областите за кои е надлежно Министерството за правда, како и продолжување на активностите за исполнување на обврските за остварувањето на стратешките приоритети како што се добивање на полноправно членство на Република Македонија во НАТО и членство во ЕУ.

Стратешкиот план на Министерството за правда е стратешки документ кој е усогласен со другите стратешки документи на Бладата на Република Македонија и Министерството за правда.

Во Стратешкиот план на Министерството за правда за периодот 2017-2019 година утврдени се стратешките цели и приоритети на Министерството за правда, програмите, активностите и потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација, како и очекуваните резултати.

Утврдувајќи ги постигнатите резултати во 2016 година, како и постојната состојба во областите за кои е надлежно, Министерството за правда со овој стратешки план ги дефинира конкретните активности со точно утврдени рокови во кои се очекува реализација на тие активности за остварување на целите. Стратешкиот план претставува и ефикасен механизам за следење на спроведувањето на секоја од активностите и остварувањето на резултатите.

Во Стратешкиот план утврдени се стратешките цели и приоритети на Министерството за правда за реформи како во областите за кои е надлежно Министерството за правда, така и за реформа на самото Министерство, како во организациона смисла така и на реформа во начинот на работење и постапување на вработените.

Со оглед на тоа, Стратешкиот план на Министерството за правда за периодот 2017-2019 година претставува стратешки документ во кој се утврдени конкретните активности преку кои се реализира мисијата на Министерството за правда за исполнување на неговата визија.

## 1.2. МИСИЈА

Главна мисија на Министерството за правда, како орган на државната управа надлежен за развивање на политиките, изготвување и предлагање на закони и други прописи од областа на правосудството, како и вршење надзор над спроведувањето на прописите во областите за кои е надлежен, е да обезбеди еднакви можности на граѓаните на Република Македонија во остварувањето и заштитата на своите права и слободи преку постоење на ефикасен систем, во услови на владеењето на правото и правната сигурност.

## 1.3. ВИЗИЈА

Воспоставен ефикасен систем за остварување и заштита на човековите права и слободи.

## 1.4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

Министерството за правда обезбедува општи услови за остварување на основната функција на правосудниот систем, негова реформа а со цел создавање на ефикасен систем за остварување на човековите права и слободи и нивна заштита.

Министерството за правда учествува во создавање на нормативни и организациски претпоставки во областите за кои е надлежно, и тоа за :

- Јакнење на независноста, непристрасноста и зголемување на ефикасноста на судството со цел обезбедување на владеењето на правото и правната сигурност;
- Унапредување на статусот на јавното обвинителство ;
- Унапредување на стандардите во пенитенцијарниот систем ;
- Остварување на уставните определби на адвокатурата како самостојна и независна служба ;
- Унапредување на вршењето на нотарската дејност ;
- Обезбедување соодветно и целосно извршување на судските пресуди преку извршители :
- Градење на ефикасен и модерен изборен систем ;
- Унапредување на граѓанската иницијатива ;
- Унапредување на претпоставките за остварување на човековите права.

Улогата на Министерството за правда во областите за кои е надлежно е ;

- Развивање политики во областите од делокругот на делување ;
- Изготвување и предлагање на закони и други прописи од областите што ги покрива со својата надлежност ;

- Спроведување и следење на спроведувањето на прописите за да се оцени дали прописите ги остваруваат очекуваните резултати
- Развивање и унапредување на административните капацитети од кои зависи успешното функционирање на министерството и на другите органи во кои се ангажирани ;
- Вршење надзор и контрола над спроведувањето на прописите со кои се уредуваат областите за кои е одговорно.

## 1.5. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

Министерството за правда е орган на државната управа со кој раководи министер. Делокругот на работа на Министерството за правда е утврден во член 17 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ"бр.58/00, 44/02 , 82/08, 167/10 и 51/11).

Согласно наведената законска одредба Министерството за правда е надлежно да врши работи во областа на :

- Судството, јавното обвинителство, државното правобранителство ;
- Кривичната одговорност и одговорност за прекршоци ;
- Нотарските работи, адвокатурата и други видови правна помош ;
- Наследувањето, сопственоста, стварните права и облигационите односи ;
- Меѓународната правна помош ;
- Извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци ;
- Организацијата и управувањето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи ;
- Судските вештачења, експертизи и супер-вештачења ;
- Изборниот систем,
- Кривичната, прекршочната, парничната и вонпарничната, извршната и управната постапка ;
- Вршењето работи што не спаѓаат во надлежност на друг орган на државната управа ;
- Врши други работи утврдени со закон.

## 1.6. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА – **планирани промени**

Согласно утврдените надлежности во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ"бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и усогласувањето со Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ"бр.27/14 и 199/14) и Законот за административни службеници („Службен весник на РМ"бр.27/14, 199/14 и 48/15) во јуни 2015 година донесени се Правилник за внатрешна организација на Министерството за правда и Правилник за систематизација на работните места во Министерството за правда.

Согласно Правилникот за внатрешна организација, Министерството за правда своите надлежности ги извршува преку 11 сектори и 34 подрачни одделенија, и тоа :

- Сектор за кабинетски работи на министерот
  - Одделение за координација на работите на министерот
  - Одделение за правна поддршка на министерот
- Сектор за правосудство
  - Одделение за нормативна дејност во областат на кривичната и граѓанската материја
  - Одделение за судови, јавно обвинителство и други правосудни органи
  - Одделение за надомест на штета и парична помош
  - Одделение за претставки и поплаки по работата на правосудните органи
  - Одделение за дејноста вештачење и процена
- Сектор за извршување, нотаријат и медијација
  - Одделение за извршување
  - Одделение за нотаријат и медијација
- Сектор за меѓународна-правна помош
  - Одделение за екстрадиција и трансфер
  - Одделение за постапување по замолници во кривична и граѓанска материја
- Сектор за бесплатна правна помош и политички систем
  - Одделение за бесплатна правна помош
  - Одделение за политички систем
  - Подрачни одделенија-34
- Сектор за Европска Унија
  - Одделение за преговори и координација
  - Одделение за ИПА проекти
- Сектор за меѓународна-правна соработка
  - Одделение за меѓународно-правна соработка и соработка со НАТО
  - Одделение за човекови права и компаративно-правни анализи
  - Одделение за координација на активностите против корупцијата
- Сектор за управување со човечки ресурси и стратешко планирање
  - Одделение за управување со човечки ресурси
  - Одделение за стратешко планирање

- Сектор за финансиски прашања
    - Одделение за буџетска координација
    - Одделение за буџетска контрола
    - Одделение за сметководство и плаќање
- Сектор за информатички и комуникациски технологии
    - Одделение за развој и апликативна поддршка
    - Одделение за техничка поддршка
    - Одделение за управување со документи и законски прописи
- Сектор за општи работи
    - Одделение за јавни набавки
    - Одделение за преводи, лекторирање и јазична редакција
    - Одделение за општи работи
    - Одделение за архивско работење
- Одделението за внатрешна ревизија

Согласно член 17 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ”бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) во состав на Министерството за правда се Управата за извршување на санкциите, Управа за водење на матичните книги, Бирото за судски вештачења и Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како органи во состав на Министерството за правда со својство на правно лице

Со секој од наведените органи раководи директор кој го именува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за правда.

Организационата поставеност на Управата за извршување на санкциите, Управа за водење на матичните книги, Бирото за судски вештачења и Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како органи во состав со својство на правно лице е утврдена со посебни акти за внатрешна организација.

## 1.7 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ – **планирани промени**

Во 2017 година не се планираат промени кои се однесуваат на односот на Министерството за правда и Управата за извршување на санкциите, Управа за водење на матичните книги, Бирото за судски вештачења и Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како органи во состав на Министерството за правда со својство на правно лице.

## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

При утврдување на своите стратешки приоритети и цели Министерството за правда своите приоритети и цели пред се ги имаше во предвид утврдените стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2017 година.

1. ***Ефикасен, независен и професионален правосуден систем***
   1.2. Владеење на правото
   1.3. Заштита на правата на граѓаните
   1.4. Зголемување на довербата на грѓаните во судскиот систем
   1.5. Зголемување на ефикасноста на судовите
   1.6. Зголемување на ефикасноста во извршувањето на основната функција на Јвното обвинителство
   1.7. Унапредување на дејноста на извршителите, нотарите и медијаторите

2. ***Борба против корупцијата и остварување на човековите права***
   2.1. Владеење на правото
   2.2. Остварување на правата на граѓаните
   2.3. Успешно справување со корупцијата и зајакнување на антикорупциска рамка

3. ***Исполнување на критериумите за членство во ЕУ во областа на правда***
   3.1. Ефикасно спроведување на Патоказот за реализација на приоритетните цели од Пред -пристапен дијалог на високо ниво
   3.2. Техничка анализа на степенот на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ
   3.3. Целосна имплементација и успешно управување со ИПА проектите

4. ***Унапредување на информатичко-комуникациските технологии во правосудниот систем***
   4.1. Воспоставување и развивање на модерно и автоматизирано правосудство
   4.2. Зголемување на ефикасноста, ефективноста и независноста на правосудството
   4.3. Подобрување на заштитата на податоците
   4.4. Стандардизација и унификација на процедурите, процесите, номенклатурите во правосудниот систем

5. ***Професионално организирани и управувани казнено-поправни и воспитно-поправни установи***
   5.1. Унапредување на процесот на извршувањето на санкциите
   5.2. Подобрување на условите во казнено-поправните установи

6. ***Побрз и поедноставен пристап на граѓаните во остварувањето на правата од матичната евиденција***
   6.1. Унапредување на правната рамка од областа на матичната евиденција
   6.2. Побрз и поедноставен начин на издавање на документите од матичната евиденција
   6.3. Воспоставување на ефикасен и современ систем на водење на матичната евиденција

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2015 ГОДИНА

Поаѓајќи од законски утврдените надлежности, Министерството за правда пред се работи на создавање на нормативни и организациски претпоставки во областите за кои е надлежно, односно на подготвување и предлагање на закони и други прописи од областите што ги покрива со својата надлежност.

За таа цел, во Министерството за правда изготвени се повеќе законски проекти, а како орган надлежен за вршењето работи што не спаѓаат во надлежност на друг орган на државната управа учествуваше во подготвување на закони од надлежност на други органи на државната управа.

### 1. *Реформа на правосудниот систем*

Министерството за правда, како надлежен орган за спроведување на реформите во правосудството, како еден од стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, реализираше повеќе активности за создавање како на нормативни претпоставки, преку подготвување на законски и подзаконски акти, така и на создавање на материјални и организациони претпоставки во рамките на реформата на правосудството. За таа цел донесени се, односно изготвени следните закони :

- ***Закон за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност на судија***
  („Службен весник на РМ“ број 20/15)
- ***Закон за Академијата за судии и јавни обвинители***
  („Службен весник на РМ“ број 20/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија***
  („Службен весник на РМ“ број 20/15)
- ***Закон за дополнување на Законот за судска служба***
  („Службен весник на РМ“ број 33/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија***
  („Службен весник на РМ“ број 61/15)
- ***Закон за јавнообвинителска служба***
  („Службен весник на РМ“ број 62/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка***
  („Службен весник на РМ“ број 97/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата***
  („Службен весник на РМ“ број 97/15)

- *Закон за изменување на Законот за судска служба*
(„Службен весник на РМ“ број 98/15)
- *Закон за изменување на Законот за договорен залог*
(„Службен весник на РМ“ број 98/15)
- *Закон за дополнување на Законот за државното правобранителство*
(„Службен весник на РМ“ број 104/15)
- *Закон за дополнување на Законот за процена*
(„Службен весник на РМ“ број 104/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за вештачење*
(„Службен весник на РМ“ број 104/15)
- *Закон за дополнување на Законот за државно правобранителство*
(„Службен весник на РМ“ број 104/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка*
(„Службен весник на РМ“ број 124/15)
- *Закон за прекршоците*
(„Службен весник на РМ“ број 124/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за вештачење*
(„Службен весник на РМ“ број 148/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура*
(„Службен весник на РМ“ број 148/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за медијација*
(„Службен весник на РМ“ број 148/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка*
(„Службен весник на РМ“ број 148/15)
- *Закон за дополнување на Законот за процена*
(„Службен весник на РМ“ број 153/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за правосуден испит*
(„Службен весник на РМ“ број 153/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители*
(„Службен весник на РМ“ број 192/15)
- *Закон за дополнување на Законот за процена*
(„Службен весник на РМ“ број 192/15)

- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за вештачење***
  („Службен весник на РМ“ број 192/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за медијација***
  („Службен весник на РМ“ број 192/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности***
  („Службен весник на РМ“ број 192/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик***
  („Службен весник на РМ“ број 196/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка***
  („Службен весник на РМ“ број 196/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик***
  („Службен весник на РМ“ број 226/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители***
  („Службен весник на РМ“ број 231/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба***
  („Службен весник на РМ“ број 231/15)
- ***Закон за дополнување на Законот за платите на судиите***
  („Службен весник на РМ“ број 231/15)
- ***Закон за дополнување на Законот за платите на јавните обвинители***
  („Службен весник на РМ“ број 231/15)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на побарувањата***
  („Службен весник на РМ“ број 2/16)
- ***Закон за изменување на Законот за спортот***
  („Службен весник на РМ“ број 6/16)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за процена***
  („Службен весник на РМ“ број 30/16)
- ***Закон за дополнување на Законот за медијација***
  („Службен весник на РМ“ број 55/16)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог***
  („Службен весник на РМ“ број 61/16)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за спортот***
  („Службен весник на РМ“ број 61/16)

- *Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности*
  („Службен весник на РМ“ број 61/16)
- *Закон за извршување*
  („Службен весник на РМ“ број 72/16)
- *Закон за нотаријатот*
  („Службен весник на РМ“ број 72/16)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на побарувањата*
  („Службен весник на РМ“ број 106/16)
- *Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик*
  („Службен весник на РМ“ број 136/16)
- *Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик*
  („Службен весник на РМ“ број 142/16)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка*
  („Службен весник на РМ“ број 142/16)
- *Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик*
  („Службен весник на РМ“ број 142/16)
- *Закон за изменување на Законот за извршување*
  („Службен весник на РМ“ број 142/16)
- *Закон за изменување на Законот за нотаријатот*
  („Службен весник на РМ“ број 142/16)

Во делот на реформа на правосудниот систем изработени работни верзии на пакетот закони од областа на правосудството, согласно мислењето на Венецијанската комисија.

2. *Интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО, борба против корупцијата и организираниот криминал и други материјали и активности кои не се поврзани со стратешки приоритети*

- *Закон за изменување и дополнување на Законот за спортот*
  („Службен весник на РМ“ број 72/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата*
  („Службен весник на РМ“ број 97/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторни податоци на Република Македонија*
  („Службен весник на РМ“ број 98/15)

- *Закон за дополнување на Законот за бесплатна правна помош*
  („Службен весник на РМ“ број 104/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности*
  („Службен весник на РМ“ број 116/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата*
  („Службен весник на РМ“ број 148/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција*
  („Службен весник на РМ“ број 148/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер*
  („Службен весник на РМ“ број 148/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности*
  („Службен весник на РМ“ број 153/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства*
  („Службен весник на РМ“ број 153/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци*
  („Службен весник на РМ“ број 153/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на судир на интереси*
  („Службен весник на РМ“ број 153/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за спортот*
  („Службен весник на РМ“ број 153/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности*
  („Службен весник на РМ“ број 192/15)
- *Закон за заштита на укажувачите*
  („Службен весник на РМ“ број 196/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности*
  („Службен весник на РМ“ број 196/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторни податоци на Република Македонија*
  („Службен весник на РМ“ број 215/15)
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности*
  („Службен весник на РМ“ број 6/16)

- ***Закон за изменување на изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 35/16)
- ***Закон за изменување на изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 97/16)
- ***Закон за изменување на изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 99/16)
- ***Закон за дополнувањена изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 136/16)
- ***Закон за изменување и дополнување на изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 142/16)

Во 2015 година и периодот јануари-јули 2016 година донесени се и повеќе подзаконски акти, меѓу кои :

- ***Правилник за условите и начинот на полагање на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители***
(„Службен весник на РМ“ број 72/15)
- ***Правилник за критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за извршители***
(„Службен весник на РМ“ број 87/15)
- ***Правилник за формата и содржината на лиценцата за медијатор***
(„Службен весник на РМ“ број 18/16)
- ***Правилник за формата и содржината на лиценцата за обучувач на медијатори***
(„Службен весник на РМ“ број 18/16)
- ***Правилник со поблиските критериуми и начинот на субвионционирањето и образецот за наплатената награда и трошоците на медијаторот***
(„Службен весник на РМ“ број 50/16)
- ***Правилник за изменување на Правилникот за условите и начинот на полагање на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители***
(„Службен весник на РМ“ број 63/16)
- ***Правилник за изменување на Правилникот за условите и начинот на полагање на испитот за медијатор***
(„Службен весник на РМ“ број 67/16)
- ***Правилник за начинот на пресметување на месечниот паричен надоместок и признавањето на патните трошоци на членовите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата***
(„Службен весник на РМ“ број 94/16)

Изготвени се следните подзаконски акти согласно Законот за извршување :
*-Правилник за бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд*
*-Правилник за видот на опремата и просторот за работа на извршителите*
*-Правилник за формата и содржината на легитимацијата за извршител и заменик извршител, начинот на нејзино издавање, одземање и поништување*
*-Правилник за начинот на водење на електронската евиденција на извршителите, замениците на извршителите и помошниците на извршителите*
*-Правилник за формата на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки, потврдите и другите акти*
*-Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на Уписникот за примени барања за извршување*
*-Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите*
*-Правилник за вршење на надзор над работата на Комората на извршители на РМ и на извршителите*
*-Програма за полагање на квалификациониот испит, испитот за рангирање, испитот за замениците на извршителите и стручниот испит за проверка на знаењето на извршителите*
*-Правилник за просторот и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за извршители*
*-Правилник за условите и начинот на полагање на испитот и стручниот испит за проверка* на знаењата и формата и содржината на *уверението за положен испит*

Исто така, изготвени се и следните подзаконски акти согласно Законот за нотаријатот :
*- Правилник за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите*
*- Правилник за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување*
*- Правилник за условите за просторот, опремата и фирмата на нотарската канцеларија*
*- Правилник за работното време на нотарските канцеларии*
*- Правилник за формата и начинот на пишување и одбележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи*
*-Правилник за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија*
*-Правилник за начинот на вршење надзор*
*-Нотарска тарифа*
*-Програма за полагање на квалификационен нотарски испит, испит за рангирање, испит за заменик нотар, испит за помошник нотар, испит за нотарски стручен соработник и стручниот испит за проверка на знаењата*

*-Правилник за критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитите*
*-Правилник за условите и начинот на полагање на испитот, квалификациониот нотарски испит и стручниот испит за проверка на знаењата*
*-Правилник за условите и начинот на полагање на квалификациониот нотарски испит, испитот за рангирање на нотар, испитот за заменик-нотар, помошник-нотар, нотарски стручен соработник и стручниот испит за проверка на знаењата на знаењата и формата и содржината на уверението за положен квалификационен нотарски испит, испит за рангирање на нотар, испит за заменик-нотар, помошник-нотар, нотарски стручен соработник и стручен испит за проверка на знаењата на нотарите*

Согласно Законот за заштита на укажувашите донесени се следните подзаконски акти :
***- Правилник за заштитено надворешно пријавување***
(„Службен весник на РМ“ број 46/16)
***- Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор***
(„Службен весник на РМ“ број 46/16)
***- Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор***
(„Службен весник на РМ“ број 46/16)

Исто така изготвени се и до Владата на Република Македонија се доставени повеќе анализи, информации и извештаи.

Покрај изготвувањето на законски и подзаконски акти, во Министерството за правда реализирани се и други активности кои придонесуваат во развивањето и унапредувањето на материјалните, административните и другите капацитети. За таа цел во рамките на Проектот за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка на Светската Банка, реализирани се голем број активности во насока на опремување на судовите. Во рамките на Проектот продолжи опремувањето на Кривичниот суд Скопје.

Министерството за правда свој придонес во борбата против организираниот криминал и корупцијата дава и преку учество во работата на Меѓуресорската комисија за борба против нелегално производство, учество во работата на MONEYWAL Комитетот за експерти за евалуација на мерките за спречување на перење на пари при Советот на Европа, како и координирање на активностите за реализација на СПАИ Иницијативата за борба против корупцијата-Пакт за стабилност на Југоисточна Европа.

Во текот на 2015 година извршени се 14 редовни и 46 вонредни надзори над работата на извршителите и 35 редовни и 17 надзори по конкретна пријава на работата на нотарите.

Согласно Законот за бесплатна правна помош во 2015 година организирани се денови на бесплатна правна помош во општините Струмица, Охрид и Струга.

Покрај законските и подзаконските акти, други материјали и проекти, реализирани се и други активности кои придонесуваат во остварувањето на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за членство на Република Македонија во ЕУ и НАТО, како :

Вработените во Министерството за правда со свои мислења и непосредно учество во работни групи дадоа свој придонес во изготвување на законски и подзаконски акти за кои се надлежни други органи на државната власт.

Исто така, заради зајкнување на административните капацитети, спроведени се обуки, семинари и работилници, како за вработените во Министерството за правда, така и за вработените во судовите и казнено-поправните установи.

## 1.10. ПРОГРАМИ

За остварување на мисијата и визијата на Министерството за правда предвидени се следните програми :

- **Правосудство, казнено и граѓанско право**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата - Правосудство, казнено и граѓанско право – се очекува зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството преку подобрување на нормативната рамка што ќе се постигне со имплементацијата на најновите меѓународни стандарди во оваа област, примената на донесените законски решенија, како и јакнење на капацитетите во областа на судството, спроведување на реформите во казненото право, граѓанското право и Јавното обвинителство и хармонизација со правото на Европската унија.

- **Извршители, нотари и медијатори**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата - Извршување, нотаријат и медијација – се очекува обезбедување соодветно и целосно извршување на судските пресуди во граѓанската област, подобрување на нотарската дејност во служба на граѓаните и целосно воспоставување на системот на медијација.

- **Спречување на корупцијата**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата – Борба против корупцијата – се очекува обезбедување на успешно справување со корупцијата.

- **Човекови права**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата – Човекови права – се очекува обезбедување на побрзо остварување и пристап на граѓаните во остварувањето на нивните права.

- **Информатичко-комуникациска технологија во правосудниот систем**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата – Информатичко-комуникациска технологија во правосудниот систем - се очекува воспоставување и развивање на ИКТ во функција на поддршка на реформата на правосудниот систем.

# 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

## 2.1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 1

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата *Правосудство, казнено и граѓанско право* произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2017 година, и тоа :

Стратешките приоритети на Владата на РМ :
- *Интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО,*
- *Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото*

Приоритетните цели :
- *Заокружување на реформата во правосудството,*
- *Јакнење на борбата против корупцијата и организираниот криминал,*
- *Јакнење на владеењето на правото и*
- *Создавање на ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи*

НПАА
**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права
**Дел :** 3.23.1 Судство

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**
- Ефикасен, независен и професионален правосуден систем
  - Владеење на правото
  - Заштита на правата на граѓаните
  - Зајакнување на независноста на судството
  - Зголемување на довербата на граѓаните во судскиот систем
  - Зголемување на ефикасноста на судовите
  - Зголемување на ефикасноста во извршувањето на функциите на Јавното обвинителство
- Спроведување на законите во областа на казненото право
- Кодификација на граѓанското законодавство

Хармонизација на националното законодавство со правото на Европската Унија

| Назив на програмата: | Цел на програмата: |
| --- | --- |
| *- Правосудство, казнено и граѓанско право* | - Зајакнување на независноста и зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството<br>- Зајакнување на капацитетите на правосудниот систем<br>- Јакнење на довербата на граѓаните во судовите<br>- Спроведување на реформата на казненото право<br>- Спроведување на реформата во јавното обвинителство<br>- Кодификација на граѓанското право |

**Показатели за успех на Програмата:**

- Независен, ефикасен и професионален судски систем
- Донесени законите и подзаконските акти од областа на правосудството
- Ефикасно функционирање на Јавното обвинителство
- Реализирани обуки и зајакнати капацитети за примена новиот Закон за кривична постапка
- Материјална и техничка опременост на Јавното обвинителство за примена на новиот Закон за кривична постапка

Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ■ вертикална

| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Унапредување на законодавството во областа на правосудството преку вградување на најновите меѓународни стандарди во оваа област и имплементација на донесените законски решенија | **Показател за успешност:**<br>- Ефикасен, независен и професионален судски систем<br>- Донесени закони и подзаконски акти за функционирање на независно, ефикасно и професионално судство<br>- Унапреден систем на статистичко следење на податоците во судовите<br>- Зголемени средствата за финансирање на судството<br>- Зајакнати институционални капацитети |
| **Резултат 2:** Унапредување на системот на казненото законодавство | **Показател за успешност:**<br>- Донесени измени и дополнувања на Кривичниот законик<br>- Унапредување на казненото материјално законодавство преку негово усогласување со најновите меѓународни стандарди<br>- Зголемена ефикасност и економичност во постапките<br>- Ефикасен систем на имплементација на Законот за кривичната постапка во делот на истрагата, главната расправа и спогодувањето<br>- Намалување на бројот на кривични предмети во судовите како резултат од примената на спогодувањето во кривичната постапка |
| **Резултат 3:** Унапредување на граѓанското законодавство | **Показател за успешност:**<br>- Обезбедена правна сигурност на граѓаните во граѓанските постапки<br>- Усогласени поединечните со општите закони од граѓанското законодавство<br>- Кодифицирано граѓанско право, како систематизиран збир на регулатива од граѓанската област<br>- Зголемена ефикасност и економичност во постапките |
| **Резултат 4:** Развивање на меѓународната правна помош | **Показател за успешност:**<br>- Склучени билатерални договори за регулирање на материјата за меѓусебна правна помош во граѓански и кривични предмети |

## 2.2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 2

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата ***Извршување, нотаријат и медијација*** произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2017 година, и тоа :

Стратешките приоритети на Владата на РМ :

- *Интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО,*

Приоритетните цели :

- *Заокружување на реформата во правосудството*
- *Јакнење на владеењето на правото и*
- *Создавање на ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи*

**НПАА**

**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права

**Дел :** 3.23.1 Судство

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

Ефикасен, независен и професионален правосуден систем

- Владеење на правото
- Заштита на правата на граѓаните
- Унапредување на дејноста на извршителите, нотарите и извршителите

| **Назив на програмата:** | **Цел на програмата:** |
| --- | --- |
| ***Извршување, нотаријат и медијација*** | -Обезбедување соодветно и целосно извршување на извршни исправи во граѓанската област<br>- Подобрување дејноста на нотарите во служба на граѓаните<br>- Воспоставен систем на медијација |

**Показатели за успех на Програмата:**

- Обезбедено соодветно и целосно извршување на извршни исправи во граѓанската област
- Подобрена на дејноста на нотарите во служба на граѓаните
- Зголемен број на предмети решени по пат на медијација

Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ■ хоризонтална ☐ вертикална

| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Целосно извршување на извршни исправи во граѓанската област и имплементација на новиот Закон за нотаријатот | **Показател за успешност:**<br>- Остварени права на граѓаните на полето на извршувањето и постапката пред нотар<br>- Зголемен број на извршени извршни исправи<br>- Зголемена правна сигурност во правниот промет<br>- Намалување на бројот на судски предмети<br>- Обучени државни службеници во Секторот за извршување, нотаријат и медијација |
| **Резултат 2:** Целосно воспоставен систем на медијација со цел намалување на оптовареноста на судовите | **Показател за успешност:**<br>- Целосно функционален систем на медијација<br>- Зголемен број на случаи решени од страна на медијатори<br>- Подобрена соработка на вклучените субјекти во областа на медијацијата |

## 2.3. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 3

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата ***Борба против корупцијата*** произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2017 година, и тоа :

Стратешките приоритети на Владата на РМ :
- *Интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО,*
- *Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото*

Приоритетните цели :
- *Јакнење на борбата против корупцијата и организираниот криминал,*
- *Јакнење на владеењето на правото*

**НПАА**

**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права / Политички критериуми / Политички критериуми

**Дел :** 3.23.2 Антикорупција

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

Воспоставување на ефикасен систем на справување со корупцијата
- Јакнење на антикорупциската рамка
- Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на меѓународната соработка во областа на антикорупциската политика
- Усогласување на антикорупциското законодавство согласно меѓународните стандарди

| Назив на програмата: | Цел на програмата: |
| --- | --- |
| ***- Борба против корупцијата*** | Намалување на степенот на корупција |

**Показатели за успех на Програмата:**

Успешно справување со корупцијата

Програмата е: (забележете го видот на Програмата)

■ хоризонтална ☐ вертикална

| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: Антикорупциска политика и унапредување на меѓународно - правната соработка | |
|---|---|
| Резултат 1: Усогласеност на домашното анти-корупциско законодавство со меѓународните стандарди и инструменти во областа на борбата против корупцијата | Показател за успешност:<br>- Имплементиран акцискиот план на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015;<br>- Зголемен степен на имплементација на препораките на меѓународните органи и организации и примена на ратификуваните меѓународни правни инструменти за борба против корупцијата;<br>- Имплементација на препораките на ГРЕКО (Група на држави на Советот на Европа) дадени со Извештајот за евалуација на РМ – Четврт круг, на тема: "Превенција на корупцијата кај членовите на парламентот, судиите и обвинителите",<br>- Имплементација на препораките на ООН дадени во Извештајот за РМ за имплементацијата на Конвенцијата на ООН против корупција , во делот на Глава 3 (Криминализација и спроведување на законот) и Глава 4 (Меѓународна соработка",<br>- Зајакнати институционални и административни капацитети во спроведувањето на антикорупциската политика на Владата;<br>- Зголемена соработка и поврзаност помеѓу институциите и органите вклучени во спроведувањето на антикорупциската политика;<br>- Остварен напредок на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ, по однос на антикорупциската политика;<br>- Зголемена ефикасност во справувањето со корупцијата; |
| Резултат 2 : Јакнење на позицијата на Република Македонија во меѓународната заедница и унапредување на меѓународната соработка во областа на антикорупциската политика | Показател за успешност:<br>- Учество во мониторинг механизмот на ООН за имплементацијата на Конвенцијата против корупција;<br>- Учество и активности во рамките на РАИ – Регионалната анти-корупциска иницијатива;<br>- Усогласено домашното анти-корупциско законодавство со меѓународните стандарди и инструменти во областа на борбата |

| | |
|---|---|
| | против корупцијата;<br>- Продолжена соработка и учество во меѓународни организации на полето на борбата против корупцијата |
| **Резултат 3:** Усвоена Информација за поведување на постапка за ратификација на Европската Конвенција за доставување во странство на документи во врска со административни работи<br>- Усвоена Информација за поведување на постапка за ратификација на Конвенцијата на СЕ за пристап до јавни документи | **Показател за успешност:**<br>- Анимирање на стручната јавност преку јавни расправи од областа на примена на Конвенцијата;<br>- Потпишување на Конвенцијата;<br>- Донесени измени и дополнување во домашните закони кои ја регулираат областа на примена на Конвенцијата; |

## 2.4. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 4

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата ***Човекови права*** произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2017 година, и тоа :

Стратешките приоритети на Владата на РМ :
- *Интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО,*

Приоритетните цели :
- *Јакнење на владеењето на правото и*
- *Создавање на ефикасен систем за заштита и почитување на човековите права и слободи*

НПАА
**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права
**Дел :** 3.23.3 Човекови права

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

Воспоставување на ефикасен систем на остварување на правата на граѓаните
- Побрзо остварување и пристап на граѓаните во остварувањето на нивните права
- Унапредување на правата на детето согласно меѓународните стандарди

| **Назив на програмата:** | **Цел на програмата:** |
|---|---|
| ***- Човекови права*** | Остварување на правата на граѓаните<br>Унапредување на правото на детето |

**Показатели за успех на Програмата:**
Владеење на правото и остварени права на граѓаните

Програмата е: (забележете го видот на Програмата)
■ хоризонтална ☐ вертикална

| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Унапредувањето на домашното законодавство и пракса со исполнување на обврските содржани во ратификуваните конвенции за човекови права и препораките на надлежните комитетети за човекови права на Обединетите нации(ОН) и Советот на Европа(СЕ) | **Показател за успешност:**<br>-Спроведени препораки на Европскиот Комитет против тортура,<br>-Спроведени препораки на Европската комисија за елиминирање на расна дискриминација (ЕКРИ);<br>- Донесени закони, усогласени со конвенциите и препораките на меѓународните организации |
| **Резултат 2 :** Унапредување на правата на детето согласно меѓународните стандарди | **Показател за успешност:**<br>-Реформирано законодавството кое ги уредува правата на детето<br>-Воспоставен систем за следење на примена на Законот за правда за децата,<br>- Зајакнати институционални капацитети за заштита на правата на детето |
| **Резултат 3:** Унапреден пристап до правдата преку зајакнување на правото на бесплатна правна помош | **Показател за успешност:**<br>-Обезбедено остварување на пристапот до правдата на лицата со тешка материјална состојба<br>-Обучени вработени за давање на правен совет |

## 2.5. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 5

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата ***Информатичко-комуникациска технологија во системот на правосудство*** произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2017 година, и тоа :

Стратешките приоритети на Владата на РМ :
- *Интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО,*

Приоритетните цели :
- *Заокружување на реформата во правосудството,*
- *Развој и примена на информациските технологии во сите сегменти на живеењето*

---

**НПАА**

**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права

**Дел :** 3.23.1 Судство

---

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа**:

Унапредување на информатичко-комуникациските технологии во правосудниот систем

- Воспоставување и развивање на модерно и автоматизирано правосудство
- Зголемување на ефикасноста, ефективноста и независноста на правосудството
- Подобрување на заштитата на податоците

---

| **Назив на програмата:** | **Цел на програмата:** |
|---|---|
| ***- Информатичко-комуникациска технологија во системот на правосудство*** | - Воспоставување и развивање на модерно и автоматизирано правосудство<br>- Воспоставување на ИКТ во функција на поддршка на процесот на реформа на правосудниот систем<br>- Подобрување на заштитата и безбедноста на податоците<br>- Воспоставување на ИКТ во функција на независноста во судството |

---

**Показатели за успех на Програмата:**

Имплементирана Стратегијата за ИКТ за правосудството

---

Програмата е: (забележете го видот на Програмата)

■ хоризонтална ☐ вертикална

| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Поедноставено прибирање на податоци за предмети поврзани со корупција и статистичка анализа врз основа на тие податоци | Показател за успешност:<br>- Успешно имплементирана веб-базирана апликација за on-line пополнување на индивидуален прашалник за скрининг на потребите за обуки и за спроведените обуки со цел јакнење на кадровските капацитети за препознавање и спречување на корупцијата и појавата на судир на интереси.<br>- Успешно имплементирана веб-базирана апликација за on-line пополнување на формулар за следење на случаи поврзани со корупција. |
| **Резултат 2:** Подобра ИТ опременост на подрачните одделенија и замена на дотраена и амортизирана ИТ опрема. | Показател за успешност:<br>-Обезбедена информатичка опрема и интернет конекција која ја подигнала ефикасноста во работењето на вработените во подрачните одделенија |

| 3. Влијанија врз човечките ресурси | | | |
|---|---|---|---|
| ПРОГРАМА | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потреба од обуки |
| **Правосудство, казнено и граѓанско право** | 4 лица во 2017 година<br>2 лица во 2018 година<br>2 лица во 2019 година | | - Обука за казнената политика во пропишувањето на казните за кривичните дела<br>- Обука за примена на Методологијата за судска статистика |
| **Извршители, нотари и медијатори** | 2 лица во 2017 година<br>1 лица во 2018 година<br>1 лица во 2019 година | | Обука за примена на законски и подзаконски акти од областа на извршувањето, нотаријатот и медијацијата |
| **Борба против корупцијата** | 3 лица во 2017 година<br>1 лица во 2018 година<br>1 лица во 2019 година | | - Обука за учество на РМ во механизмот за преглед на имплементацијата на UNCAC<br>-Обука за антикорупција и интегритет |
| **Човекови права** | 8 лица во 2017 година<br>1 лица во 2018 година<br>1 лица во 2019 година | | Обука за примена на Закон за бесплатна правна помош |
| **Информатичко-комуникациска технологија во системот на правосудство** | 4 лица во 2017 година<br>1 лица во 2018 година<br>1 лица во 2019 година | | Обуки од областа на програмирањето, работа со новите виртуелни сервиси, надградба на компјутерската мрежа, конфигурирање, дизајнирање и имплементација на нова и тековна опрема |

| 4. Принципи на правична застапеност | | |
|---|---|---|
| 2017<br>**очекувано влијание** | 2018<br>**очекувано влијание** | 2019<br>**очекувано влијание** |
| Поаѓајќи од уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, во Министерството за правда при спроведувањето на постапките за вработување се посветува внимание на принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници. Во Министерството за правда од вкупниот број на вработени 54,4% се македонци, а 45,6% се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.<br>Во 2017 година во Министерството за правда во постапките за вработување ќе продолжи да се почитува уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. | Во 2018 година во Министерството за правда во постапките за вработување ќе продолжи да се почитува уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. | Во 2019 година во Министерството за правда во постапките за вработување ќе продолжи да се почитува уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. |

| 5. Развивање на заедничите функции | | |
|---|---|---|
| 2017<br>планирани мерки | 2018<br>планирани мерки | 2019<br>планирани мерки |
| **Развивање политики** | | |
| **Стратешко планирање/ подготвување на буџетот** | | |
| За изготвување и следење на стратешките планови на Министерството, надлежно е Одделение за стратешко планирање, кое е во состав на Секторот за управување со човечки ресурси и стратешко планирање.<br>Во 2017 година ќе продолжи обуката на вработените во ова одделение на други вработени во Министерството за правда за изготвување на стратешки план и следење на неговата реализација.<br>Во Одделението ќе се врши следење на извршувањето на Стратешкиот план за 2017-2019 година и ќе се координн процесот на подготвување на стратешки план 2018-2020 г. | Доекипирање на Одделението за стратешко планирање.<br>Континуирана обука за вработените во Одделението.<br>Следење на извршувањето на Стратешкиот план на Министерството за правда за 2018-2020.<br>Изготвување на стратешки план за периодот 2019-2021. | Континуирана обука за вработените во Одделението.<br>Следење на извршувањето на Стратешкиот план на Министерството за правда за 2019-2021.<br>Изготвување на стратешки план за периодот 2020-2022. |
| **Извршување на буџетот и управување со средства** | | |
| Во Министерството за правда согласно Правилникот за внатрешна организација формиран е Сектор за финансиски прашања. Во состав на Секторот се три одделенија, и тоа: Одделение за буџетска координација, Одделение за буџетска контрола и Одделение за сметководство и плаќање.<br>Во 2017 година се планира јакнење на капацитетите на Секторот. | Екипирање на Секторот за финансирање. Обука на вработените.<br>Следење на извршувањето на Буџетот за 2018 година.<br>Изготвување на Буџетот на Министерството за правда за 2019 година. | Доекипирање на Секторот за финансирање.<br>Континуирана обука на вработените.<br>Следење на извршувањето на Буџетот за 2019 година.<br>Изготвување на Буџетот на Министерството за правда за 2020 година. |

| Управување со човечки ресурси | | |
|---|---|---|
| Согласно Правилникот за внатрешна организација во Министерството формирано е Одделение за управување со човечки ресурси, кое е во состав на Секторот за управување со човечки ресурси и стратешко планирање. Во 2017 година се очекува јакнење на капацитетите на Одделението за управување со човечки ресурси, кое се грижи за развојот на човечките ресурси во Министерството, а со оглед на зголемените обврски, согласно Законот за административни службеници. Одделението ги согледува потребите од вработување, учествува во спроведувањето на постапките за вработување. Ги согледува потребите на вработените за обука, ги води персоналните досиеја на вработените, согласно законската обврска ќе изготви Годишен план за вработување, како и Годишна програма за обука, а ќе го организира и оценувањето на државните службеници во Министерството за правда. | Во 2018 година се очекува понатамошно јакнење на капацитетите на Одделението за управување со човечките ресурси. Во Одделението ќе продолжи да се работи на извршување на надлежностите во делот на управувањето со човечките ресурси.<br>Ќе продолжи континуираната обука на вработените во Одделението заради ефикасно и ефективно извршување на надлежностите на Одделението. | Во 2019 година се очекува Одделението да продолжи со извршување на надлежностите во делот на управувањето со човечките ресурси. |

| Управување со информациски технологии | | |
|---|---|---|
| Во состав на Секторот за информатички и комуникациски технологии има три одделенија, и тоа : Одделение за развој и Одделение за техничка поддршка. Секторот во наредниот период ќе продолжи да ги извршува работите и задачите утврдени во актот за внатрешна организација. | Јакнење на капацитетите на Секторот за информатички и комуникациски технологии со пополнување на празните работни места и спроведување на обука за вработените во Секторот. | Доекипирање на Секторот за информатички и комуникациски технологии.<br>Континуирана обука. |

| Внатрешна ревизија | | |
|---|---|---|
| Во Министерството за правда има формирано Одделение за внатрешна ревизија, како самостоен организационен облик. Раководителот на одделението има директна одговорност пред министерот.<br>Во Одддлението за внатрешна ревизија има систематизирано пет работни места, од кои се пополнети две работни места.<br>За остварување на своите надлежности, согласно Законот за внатрешна ревизија, изготвен е Годишен план за вршење на ревизија. | Доекипирање на Одделението за внатрешна ревизија.<br>Заради успешно вршење на работите и задачите од надлежност на Одделението, организирање на обука на вработените.<br>Изготвување и спроведување на Годишниот план за вршење на ревизија.<br>Изготвување на редовни извештаи. | Континуирана обука за вработените во Одделението за внатрешна ревизија.<br>Изготвување и спроведување на Годишниот план за вршење на ревизија.<br>Изготвување на редовни извештаи. |

Бр.__________
_________.2016 година
Скопје

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**Valdet Xhaferi**